МАКЕДОНИКА
ЛИТЕРА
www.makedonikalitera.mk
E-mail: makedonikalitera@yahoo.com
makedonikalitera@gmail.com

**Розе Нешковска Славковска**
***Анимистичките концепти во сказните***

*Рецензенти:*
**Проф. д-р Нина Анастасова Шкрињариќ**
**Проф. д-р Трајче Стамески**

© 2024, Розе Нешковска Славковска, автор
Сите права се резервирани. Ниту еден дел од оваа публикација не смее да се репродуцира, складира во систем за пребарување или да се пренесува во која било форма или на кој било начин, електронски, механички, со фотокопирање, снимање или на друг начин, без претходно писмено одобрение на издавачот или на авторот.

**Проф. д-р Трајче Стамески**

# АНИМИЗМОТ КАКО ЕЛЕМЕНТАРНА ФОРМА ВО МАКЕДОНСКИТЕ ВОЛШЕБНИ ПРИКАЗНИ

Тргнувајќи од специфичноста на изборот на истражувачкото поле – анимизмот како систем на верување за постојаната формација на животот низ духовна природа, книгата „Анимистичките концепти во сказните“ на Розе Нешковска Славковска нуди сериозен интерпретациски пристап кон дадената проблематика. И концептуално и методолошки оваа книга ги продолжува и ги надградува постојните истражувања на овој феномен во македонската фолклористичка наука и едновремено претставува значаен научен извор за сите идни истражувачи. Новитетите и знаењата кои ги носи оваа книга се особено инспиративни во делот на интерпретацијата на македонските волшебни приказни (сказни) од повеќе тематски аспекти на анимизмот и сите негови значенски модификации.

Треба да нагласиме дека целта на истражувањето во оваа книга се базира на употребата на релевантни методолошко-теоретски алатки во широка дијахрониска перспектива: од генезата на поимот на анимизмот, неговата распространетост во различните култури, развојот од анимизам до политеизам и монотеизам, научните толкувања на феноменот, разграничувањето на анимизмот од останатите концепти, неговото толкување врз примери од македонските сказни и др.

Потпирајќи се на истражувањата на антрополошките, митолошките и фолклористичките теории, книгата иницијално го толкува анимизмот во функција на базичен религиски концепт кој што им претходи на големите светски религии. Авторката Нешковска Славковска ни покажува дека специ-

фичната духовна поврзаност на човекот со природата и светот, кој е во основата на анимизмот, води кон иницијален стремеж за *антропоморфизам* како вид на проектирање на антрополошки особини на материјалниот контекст.

Во својата книга, авторката Нешковска Славковска ја истакнува важноста на истражувањата на британскиот етнолог и антрополог Сер Едвард Барнет Тајлор и неговата анимистичка теорија од крајот на 19 век, според која анимизмот претставува првиот степен во еволуцијата на секоја религијата која се развива од идејата за душата и нејзиниот живот после смртта. Ваквиот теориски концепт кој го постулира Тајлор ја нагласува дуалистичката претстава за двојството меѓу телото и душата: во сите живи суштества, а во дел и од предметите живеат духови – заштитници, кои можат да се одвојуваат од телото и да водат независен живот низ просторот; концептот на душата, којшто произлегува од искуството на спиењето и смртта; идејата за душата како двојник на човекот која се поврзува со верувањето за трансмисија на душата во сонот и нејзината способност да се преместува од едно на друго место, како рефлексија на човековиот двојник.

Во понатамошната елаборација на феноменот, Нешковска Славковска ја анализира неопходната релација меѓу анимизмот и обредот на иницијацијата, како важни компоненти на сказните. Повикувајќи се на сознанијата на францускиот антрополог Арнолд Ван Генеп и неговите анализи на обредите на премин, Нешковска Славковска ја конципира четвороделната структура на обредот на иницијацијата.

1. Фаза на маргиналност, која одговара на почетниот „понизок“ статус на јунакот во заедницата.
2. Фазата на сепарација, која го иницира одвојувањето на иницијантот од актуелната положба во заедницата и негова привремена изолација.
3. Лиминална фаза, во која индивидуата е изложена на систем од проверки и искушенија како еден вид на подготовки за неговиот нов статус.

4. Фаза на агрегација, како конечен чин на признавање и прифаќање на иницијантот како нова личност и стекнување статус на рамноправен член на заедницата. Во оваа фаза се вклучени елементите: враќање дома, признавање на успехот, промена на статусот на јунакот и награда во вид на свадба или престол.

Меѓутоа, Нешковска Славковска не се задржува само на обредното сценарио на иницијацијата, таа ја проширува својата анализа со експликација на метаморфозата и нејзините варијации, како култна одлика на сказната. Според неа, процесите на престорувањата на душата (во објект од жива или нежива природа) се одвиваат преку повеќе преодни форми и видови, на тој начин душата го продолжува сопственото постоење во светот и универзумот, што одговара на постојаното движење во макро и микрокосмосот.

Во оваа смисла особено значајни за македонската фолклористичка наука е анализата на аспектите на метаморфозата на надворешната душа во сказните запишани од нашите собирачи Кузман Шапкарев и Марко Цепенков. Во овој дел од книгата, Нешковска Славковска нуди релевантна типологија на метаморфозите на душата во материјален или нематеријален објект, како и комбиниран тип на преобразби со солидна научна интерпретација врз апликативен материјал од повеќе репрезентативни македонски волшебни приказни: „Бабината мома Злата Позлатена“, Силјан Штркот“, „Дуња Ѓузели и царскиот син“, „Четириесетте царски синои и четириесетте снаи, големата змија, Ламјата, Арапо, Царо и Дервишот“ и др.

Според тоа, книгата „Анимистичките концепти во сказните“ на Розе Нешковска Славковска претставува научна студија во која на издржан и релевантен начин се покажува дека идејата за надворешната душа, која може привремено да престојува надвор од човековото тело не е присутна само во митологијата и во приказните на другите светски народи, туку дека оваа идеја, која суштински произлегува од архаич-

ните верувања и за која наоѓаме поткрепа во зачуваните обичаи, е присутна и во мноштво дела од македонското народно творештво. Ваквите согледувања се доволно инспиративни и за новите антрополошко-културолошки проучувања, не само на фолклорните материјали, туку и на македонската книжевност во интеркултурен контекст, затоа што не може да постои современо општество, култура, јазик и литература без длабински континуитет со традицијата и народното творештво, а токму овој труд самоуверено покажува на некои од тие релации.

# СОДРЖИНА

Проф. д-р Нина Анастасова Шкрињариќ: Анимизмот како основна митска супстанција во сказните...................... 7

1. Анимистичкиот концепт за „надворешната душа“ во македонските народни сказни. Воведна дискусија............. 13
2. Анимизмот како основна митска супстанција....................... 15
    2. 1. Анимизмот како природна синкретична супстанција........ 15
    2.2. Разграничување на анимизмот од останатите концепти (терминолошка дискусија)................................... 19
    2.3. Аспекти на анимологијата (од анимизам до монотеизам)..................................................................... 21
        2.3.1. Анимистичкиот концепт како основна митска константа........................................................................ 22
        2.3.2. Анимистичкиот концепт во политеизмот.............. 23
        2.3.3. Анимистичкиот концепт во монотеизмот.............. 26
        2.3.4. Анимистичкиот концепт во неопаганските религии............................................................................. 29
3. Теоријата за анимизмот на Едвард Тајлор............................ 32
    3.1. Тајлоровата „доктрина на душата“ (анимистичка теорија)............................................................................. 33
    3.2. Концептот за органската и неорганската душа........... 36
4. Теоријата за инфантилниот анимизам на Жан Пијаже......... 38
    4.1. Теории за особеностите на „дивата“ мисла (предлогичниот начин на мислење кај првобитниот човек)............................................................................. 40
    4.2. Теоријата за инфантилниот анимизам (предлогичното размислување кај децата)......................... 44

5. Идејата за „надворешната душа“ како специфичен анимистички концепт.......... 52
5.1. Концептот за надворешната душа.......... 52
5.2. Претставата за плуралитетот на душите.......... 57
5.3. Идејата за селидба на душата (метемпсихоза).......... 59
6. Концептот за „надворешната душа“ во македонските народни сказни.......... 68
Култната основа на сказната (сказната и примитивните религии).......... 70
Тотем инкарнација на душата во животно (Фрејзер – Пропова аргументација).......... 73
6.1. Надворешната душа во мотивот за метаморфозите (имплицитна пројава на анимистичкиот концепт за *надворешнаша душа*).......... 78
6.1.1. Метаморфоза на душата во објект од неживата природа.......... 78
6.1.2. Метаморфоза на душата во растение (дрво/билка).......... 83
6.1.3. Метаморфоза на душата во животно.......... 88
6.1.3.1. Метаморфоза на душата во птица.......... 89
6.1.3.2. Полиморфна метаморфоза (преобразба на душата во повеќе животни).......... 92
6.1.4. Комбиниран тип на метаморфози на душата.......... 102
6.1.4.1. Девојка родена од јаболко (мотивот на партогенезата).......... 105
6.1.5. Мотивот за плуралитет на душата ситуирана на сигурно место (експлицитна пројава на душата на концептот за *надворешнаша душа*).......... 112
7. Заклучни констатации.......... 123
Библиографија.......... 131

Проф. д-р Трајче Стамески: Анимизмот како елементарна форма во македонските волшебни приказни.......... 135

**Розе Нешковска Славковска**
**АНИМИСТИЧКИТЕ КОНЦЕПТИ ВО СКАЗНИТЕ**

*Издавач*
МАКЕДОНИКА ЛИТЕРА
**Скопје**
ул. Никола Добровиќ 1/1-3
www.makedonikalitera.mk
https://www.facebook.com/makedonikaknigi/
E-mail: makedonikalitera@yahoo.com
makedonikalitera@gmail.com
Тел.: +389 (0)2 2722 820; +389 (0)70 384 583

*За издавачот*
**Нове Цветаноски**
управител и главен уредник

*Предговор*
**Проф. д-р Нина Анастасова Шкрињариќ**

*Поговор*
**Проф. д-р Трајче Стамески**

*Лектура*
**Ранко Младеноски**

*Ликовно-графичка изведба на корицата*
**Ленче Тосева**

*Компјутерска подготовка за печат*
МАКЕДОНИКА ЛИТЕРА

*Печатено во Македонија*
**Печатница Графо ден**
**Скопје, 2024**

Тираж: 200 примероци

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

398.21(=163.3):2-136.7(049.3)

НЕШКОВСКА Славковска, Розе
Анимистичките концепти во сказните / Розе Нешковска Славковска; – Скопје : Македоника литера, 2024. Скопје; 144 стр. ; 21 см.

Фусноти кон текстот. - Анимизмот како основна митска супстанција во сказните : (...кога дрвјата зборуваат, а камењата шепотат свети тајни...) / Нина Анастасова Шкрињариќ: стр. 7-12. - Анимизмот како елементарна форма во македонските волшебни приказни / Трајче Стамески: стр. 135-138. - Библиографија: стр. 131-134

ISBN 978-608-252-223-4

а) Македонски народни сказни -- Анимизам

COBISS.MK-ID 64300805